**20191161596**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, КАКО И УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО И СЕМЕЈСТВОТО ЗА ПРАВАТА ДЕТСКИ ДОДАТОК, РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ДЕТЕ И ДОДАТОК ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 109/19) во член 4 став (5) во точката 22 по зборот: „домаќинството," се додаваат зборовите: „во висина до 300.000 денари, а над овој износ".

Член 2

Во член 33 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Исплатата на детскиот додаток за дете од домаќинство кое остварило, односно користи право на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), ќе започне наредниот месец по донесување на решението за остварување на правото на гарантирана минимална помош, а за претходниот месец."

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 11-4198/3
7 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.